# Девалвацијата на денарот е погубна

**(„Стабилниот денар скапо ќе нè чини“)**

Поттикнат од цитираниот допис, во вашиот ценет весник, каде што главно се бара девалвација на денарот, еве едно спротивно мислење.

1. Република Македонија како мала и сиромашна држава, потресот од девалвацијата ќе го прими со големи проблеми.

2. Недоволно е потенциран фактот дека сме ние претежно увозник на стоки за широка потрошувачка, енергија, инвестициска опрема, репроматеријали и сл. А со тоа многу бргу ќе го елиминираме корисното -зголемен извоз и повеќе девизи. Ова особено е очигледно во овој период на криза, немање пуфер за ублажување на ценетиот и тоа сигурно енормен шок.

3. Денарското штедење на обичните смртници ќе го снема, а големите риби и махери сигурно веќе ги свртеле денарите и сега ја бараат девалвацијата за утре да ги вратат во денари, но сега набабрени за износот од девалвацијата.

4. Тешко стекнатото и многу скапо платената доверба во банките ќе се анулира или минимизира штедењето во денари, па богами и во евра. Ќе дојде до активирање на „перниците“ како сигурни чувари на парите кое и сега го има, иако гувернерот и Владата се колнат дека девалвација нема.

5. Ќе проработи „штицунгот“ познат од времето на социјализмот, бидејќи денеска тешко ќе биде да се запре односно затвори Пандорината кутија. Независно имале еднократна или лизгачка девалвација и заедно со неа инфлација кога нејзиниот најјак „дирек“ ќе падне.

Мој конкретен предлог и заклучок е веднаш да се повика ММФ, што го прават многу земји, и да се почнат преговори за склучување нов стенд-бај-аранжман и тоа најмалку за две години.

СВЕТИСЛАВ КОСТОСКИ, ТЕТОВО

# Паметниците мора да се потпишани од авторитети

Во последните денови, постојано нè известуваат со разни помпезни вести, меѓу кои и за поставување спомен-бисти во центарот на Скопје. Како соопштуваат се предвидени спомен-бисти од праисторија до 20 век.

Мислам дека за секој предвиден споменик, а и за целиот „музејски“ амбиент треба да биде потпишана од авторитетни и докажани историчари и уметници за поедини периоди од македонското револуционерно движење.

Инцидентно слушам и читам за некои за веќе изработени споменици, што навистина не само мене, туку и целокупната јавност, непотребно иритираат. Да се разбереме. Треба споменици не само во Скопје, туку и во сите македонски градови каде што се одвиваше револуционерното и идејното движење. Скопје не е Македонија. До денес, на овој план навистина многу малку е направено, за жал и за критика. Оваа идеја од Владата е за пофалба и треба умно да се реализира.

На пример, ме чуди ниту еден историчар, па и политичар, не се сети до сега, а јас како историчар, повеќепати писмено и усно инсистирав, дека за споменик на цар Самоил, местото му е само во Охрид. Значи треба темелно, да се проучи кој споменик каде да биде изложен во Скопје, а кој на друго место. Имам некои сознанија дека не се предложени спомен бисти за неколку великани - револуционери од Народната револуција од НОБ.

Зарем Скопје и целата македонска јавност ќе бидат мирни и спокојна ако големиот македонски револуционер Кузман Јосифовски-Питу, душата и мозокот на револуционерното движење во Македонија од 1937-1944, нема споменик. Тоа е голем грев и голема срамота, пред сè, за сите македонски револуционери од НОБ - чии и идеали и борба и благодати сè уште ние, на овој свет, го уживаме.

Затоа предлагам споменик на цар Самоил во Охрид, а во Скопје за Кузман Јосифовски-Питу.

ПРОФ. Д-Р ПАВЛЕ МИТРЕСКИ, ОХРИД